УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
GOCE DELCHEV UNIVERSITY IN SHTIP, FACULTY OF LAW
УНИВЕРСИТЕТ ИМ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВА, ЮРИДИЧЕСКИЙ ФАКУЛЬТЕТ

ДЕВЕТТА МЕЃУНАРОДНА
НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
NINTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE
ДЕВЯТАЯ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

## SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

## СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

З Б О Р Н И К   Н А   Т Р У Д О В И
-СЕКЦИЈА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ-

P R O C E E D I N G S
-SECTION YOUNG RESEARCHERS-

С Б О Р Н И К   М А Т Е Р И А Л О В
-СЕКЦИЯ МОЛОДЫЕ ИССЛЕДОВАТЕЛИ-



ШТИП, 2022
SHTIP, 2022

# УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - ШТИП
# ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
## Република Северна Македонија

ДЕВЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## -СЕКЦИЈА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ-



Штип, 2022

GOCE DELCEV UNIVERSITY IN SHTIP
FACULTY OF LAW
Republic of North Macedonia

NINTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS

-SECTION YOUNG RESEARCHERS-



Shtip, 2022

УНИВЕРСИТЕТ ИМ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВА
ЮРИДИЧЕСКИЙ ФАКУЛЬТЕТ, ШТИП
Республика С.Македония

ДЕВЯТАЯ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

## СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ
## -СЕКЦИЯ МОЛОДЫЕ ИССЛЕДОВАТЕЛИ-



Штип, 2022

Ninth International Scientific Conference SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
©2022 Copyright Goce Delchev University in Shtip, Republic of North Macedonia:
Adress: Goce Delchev University, Shtip, Faculty of Law,
Ul. Krste Misirkov bb, PO box 201,2000, Shtip, R.N. Macedonia

www.ugd.edu.mk

Печати / Print: 2-ри Август-Штип / 2-ri Avgust-Shtip

Уредници: Јорданка Галева, Милица Шутова, Наташа Донева, Ана Здравева

Технички уредник: Кире Зафиров

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42:005.44(062)
304-027.511(062)

МЕЃУНАРОДНА конференција "Општествените промени во глобалниот свет" (9 ; 2022 ; Штип)

Деветта Меѓународна конференција "Општествените промени во глобалниот свет" : зборник на трудови : секција на млади истражувачи / [уредници Јорданка Галева ... и др.] = Ninth International scientific conference "Social changes in the global world" : proceedings : section young researchers / [editors Jordanka Galeva ... и др.] = Девятая Международная научная конференция "Социальные изменения в глобальном мире" : сборник материалов / [редакторы Иорданка Галева ... и др.]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Економски факултет ; Stip : University "Goce Delchev", Faculty of Law : Университет им. "Гоце Делчева", Юридический факультет, 2022. - 228 стр. : табели ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Други уредници: Милица Шутова, Наташа Донева, Ана Здравева. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-903-6

а) Општествени промени -- Глобализација -- Собири

COBISS.MK-ID 58040581

•All manuscripts were subject of double-blind peer review process.
•No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are of the authors and does not necessarily coincide with views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference
•The UDK numbers for each of the manuscripts are contained in the electronic version of the proceedings, available on: http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw

## Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Jordanka Galeva PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, jordanka.galeva@ugd.edu.mk

Milica Sutova PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, milica.sutova@ugd.edu.mk

Natasa Doneva LL.M, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, natasa.doneva@ugd.edu.mk

Ana Zdraveva LL.M, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, ana.zdraveva@ugd.edu.mk

## Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

1. Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk
2. Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org
3. Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk
4. Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be
5. Angel Ristov, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, angelristov@yahoo.com 6. Anđelija Tasić, Faculty of Law, PhD, University of Niš, andjelija@praf.ni.ac.rs
6. Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk
7. Aleksandra Gruevska Drakulevska, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk
8. Biljana Puleska-Janushevska, PhD, Faculty of Law, American University of Europe, Skopje, biljana.puleska@fon.edu.mk
9. Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk

10. Darko Dimovski, PhD, University of Niš, darko.dimovski@yahoo.com
11. Darko Spasevski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, spasevski_d@yahoo.com
12. Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru
13. Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com
14. Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com
15. Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, ilijevski@fb.uklo.edu.mk
16. Zorica Siljanovska, Faculty of Law, American University of Europe, Skopje, zoricasiljanovska@yahoo.com
17. Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk
18. Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr
19. Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk
20. James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com 22.Jasna Bacovska Nedic, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, jasnab2002@yahoo.com
21. Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
22. Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk
23. Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
24. Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk
25. Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl

26. Marija Ampovska, PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk

27. Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@ prafak.prafak.ni.ac.rs 30.Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com

28. Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru

29. Nikolai Baranov PhD, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru

30. Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be

31. Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, novak@praf.ni.ac.rs

32. Olga Koshevaliska PhD, University "Goce Delcev"- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk

33. Ruzica Simic Banovic, PhD, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr 37. Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, SocioHuman Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com

34. Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University "St. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk

35. Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs

36. Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

37. Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae

38. Tamara Djurdjic Milosevic, PhD, Faculty of Law, University of Kragujevac, tdjurdjic@jura.kg.ac.rs 43.Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr

39. Tatyana Dronzina, PhD, Professor, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, drozina@gmail.com

40. Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr

41. Viktoria Serzhanova, PhD, University of Rzeszow, Faculty of Law and Administration, viktoria@ur.edu.pl

42. Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be

43. Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru

44. Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

## TABLE OF CONTENTS

**Aneta Boshkovska**
GUARANTEE AS A WAY FOR PROVIDING CONTRACTUAL CLAIMS................ 13

**Natasha Doneva, Ana Zdraveva, Elena Trajkovska**
DE FACTO STATES........................................................................................ 33

**Ana Zdraveva**
LEGAL PROTECTION OF COMPUTER PROGRAMS............................................... 51

**Shkurte Kadri, Tea Lalevska**
THE DEATH AS A LEGAL FACT.................................................................... 65

**Giulia Lisdero**
THE EUROPEAN INTEGRATION OF THE WESTERN BALKANS
AND THE EU'S LACK OF COMMITMENT: THE CASE OF THE
UNILATERAL EUROIZATION OF MONTENEGRO AND KOSOVO........................ 79

**Francesca Rita Loi**
WOMAN PIONEER SOCIOLOGICAL ANALYSIS OF
MICRO FACTORS REGARDING THE ROLE OF
MIGRATORY WOMEN FROM EASTERN EUROPE.................................................. 89

**Stojanche Masevski**
ENERGY GEOPOLITICS AND INTERNATIONAL RELATIONS............................ 103

**Kristine Neimane**
IMPACT OF THE SUPREME COURT'S CASE -LAW ON
THE REALIZATION OF PROCEDURAL AND
SUBSTANTIVE RIGHTS IN CIVIL PROCEDURE;
SPECIFIC ASPECTS IN LATVIAN CIVIL PROCEDURE......................................... 121

**Ivona Petrushevska**
THE ENERGY CRISIS AND THE USE OF
RENEWABLE ENERGY SOURCES ........................................................... 141

**Driola Susuri**
GUARANTEE AND CONSTITUTIONAL PROTECTION OF
HUMAN RIGHTS AND FREEDOMS IN THE REPUBLIC OF KOSOVO ............... 157

**Jaroslavs Strelcenoks**
LEGAL REGULATION AND THE CONCEPT OF
IMPLEMENTATION ARTIFICIAL INTELLIGENCE IN
RESOLVING A SITUATION OF CONFLICT OF INTEREST IN
THE PUBLIC SECTOR ........................................................................... 167

**Petr Smirnov**
THE NORTH ATLANTIC DIRECTION OF THE REPUBLIC`S OF
NORTH MACEDONIA FOREIGN POLICY ................................................ 187

**Dimitar Spasevski**
HISTORICAL AND LEGAL ANALYSIS OF THE GREEK CIVIL WAR
AND OF THE REFUGEE MOVEMENTS ARISING FROM IT................................. 201

**Elena Trajkovska**
EU HEALTH POLICIES......................................................................... 215

UDC: 364.3(497.7)

Original research paper

# THE RIGHT TO UNEMPLOYMENT INSURANCE IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Biljana Todorova**
Associate Professor, University „Goce Delcev" – Shtip, Faculty of Law
biljana.todorova@ugd.edu.mk

**Abstract**

In addition to pension, disability and health insurance, insurance in case of temporary unemployment is one of the mandatory branches of the social security system. Because unemployment is one of the most difficult socio-economic problems that an individual faces during his working life, it is undoubtedly important to have an effective social insurance system that will provide social security to the individual. This mandatory component of social security can provide income as well as employment assistance (training and retraining) during temporary unemployment.

The subject of the analysis in the paper will be the review of the characteristics of the insurance mechanism in case of unemployment in the Republic of North Macedonia.

Special emphasis will be placed on the interpretation of key legal provisions that contain the right to monetary compensation as a basic right to unemployment. Furthermore, an analysis will be done of the procedure for exercising the rights in this area of compulsory social insurance. The role of the institutions in the process of exercising material and legal protection will be analyzed in detail, with special emphasis on the role of the Employment Agency of the Republic of North Macedonia. At the end of the paper, a conclusion is given about the advantages and disadvantages of insurance in case of unemployment in our law.

***Keywords:*** social insurance, social rights, social security, monetary compensation, employment assistance

# ПРАВОТО НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПРИВРЕМЕНА НЕВРАБОТЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Билјана Тодорова**
Вонреден професор, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет
biljana.todorova@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Покрај пензиското, инвалидското и здравственото осигурување, осигурувањето во случај на привремена невработеност е една од задолжителните гранки на системот на социјално осигурување. Бидејќи невработеноста е еден од најтешките социо-економски проблеми со кои се соочува поединецот во текот на работниот век од несомнена важност е да постои ефикасен систем на социјално осигурување од невработеност кој на поединецот ќе му пружа социјална сигурност. Оваа задолжителна компонента на социјалното осигурување може да обезбеди приход, како и помош при вработување (обука и преквалификација) за време на привремена невработеност. Оттука, предмет на анализата во трудот ќе биде преглед на карактеристиките на правото на осигурување во случај на привремена невработеност во Република Северна Македонија.

Посебен акцент во трудот ќе биде ставен на толкувањето на клучните законски одредби кои го содржат правото на паричен надоместок како основно право од ова осигурување. Понатаму, ќе се направи анализа на постапката за остварување на правата кои произлегуваат од него. Детално ќе се анализира и улогата на институциите во процесот на остварување на материјална и правна заштита, со посебен акцент на улогата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. На крајот од трудот ќе се даде заклучок за предностите и недостатоците на осигурувањето во случај на невработеност во нашето право.

***Клучни зборови**: с*оцијално осигурување, социјални права, социјална сигурност, паричен надоместок, помош при вработување

## 1. Вовед

Како во развиените, така и во земјите во развој како компонента на задолжителното социјално осигурување е осигурувањето во случај на невработеност за заштита на вработените лица од социјалниот ризик губење на работното место.

Во зависност од правото, за оваа гранка на социјално осигурување се сретнуваат термините бенефиции за невработеност, осигурување за невработеност или надомест за невработеност, под кои поими се подведува исплатата на средства направени од овластени институции на привремено невработени лица.[1]

Првиот модерен систем за осигурување од невработеност бил воведен со Националниот Закон за осигурување од 1911 година на Обединетото

[1] Garside, W. R. (2002). British Unemployment 1919–1939: A Study in Public Policy, Cambridge U.P., стр. 37.

Кралство, по што слични закони биле донесени во останатите европски земји.[2] Популарните мерки биле воведени за борба против зголеменото влијание на Лабуристичката партија кај работничката класа во земјата. Овој закон, преку системот на придонеси, пружал заштита на британската работничка класа од болест и невработеност.

Од неговото појавување до денес, целта на овој систем е избегнување на ризикот дека доколку работникот остане без работно место, ќе остане без приход. Суштина на интервенцијата се состои во тоа што се овозможува поддршка на приходот, а речиси секогаш под услов работникот активно да бара работа на пазарот на труд или негова активна вклученост во програмите за вработување. Ваквиот модел на политика има за цел да го ублажи ризикот од сиромаштија произлезена од губење на работното место, додека во исто време создава мотив за поединците да бараат работа.[3]

На осигурувањето за време на привремена невработеност може да се гледа како вид на обештетување на работникот кој ја изгубил работата поради околности кои не се негова вина, под услов лицето и понатаму да е работно способно, како и кога за тоа ќе му се пружи прилика да може да заснова нов работен однос. Пресуден услов за утврдување на правото на користење на надоместокот е концептот за непостоење вина кај работникот. Затоа што, во ситуација кога работникот со крајно невнимание и непрофесионално однесување направи грубо кршење на работниот ред и дисциплина, го губи правото на паричен надоместок.[4]

Цел на трудот е да се прикаже правната рамка за уживање и заштита на правото на осигурување во случај на привремена невработеност во Република Северна Македонија како и анализа на социјалните права односно бенефиции кои им следуваат на привремено невработените лица во позитивното право. Посебен акцент се става на анализа на базичното правото на паричен надоместок во случај на невработеност во домашното право, како и анализа на социјално – правните односи што се воспоставуваат меѓу институциите како носители на овој систем и осигурениците (привремено невработени лица).

## 2. Правна рамка за уживање и заштита на правото на осигурување во случај на привремена невработеност во Република Северна Македонија

Осигурувањето во случај на привремена невработеност претставува сложена компонента во рамките на вкупниот систем на македонската социјална заштита.

[2] Димитријевич, Ц. Ј. (2016.). Материјалноправна заштита незапослених лица у Републици Србији (мастер рад), Ниш, стр. 3.

[3] Asenjo, A., & Pignatti, C. (2019). Unemployment insurance schemes around the world: Evidence and policy options, International Labour Organization, стр. 6.

[4] Cihon, J. P., Ottavio, C. J. (2011). Employment and Labour Law, 7th edition. South-Western Legal Studies in Business Academic series, стр. 658, цитирано според Димитријевич, Ц. Ј., цитирано дело, стр. 6.

Во овој дел, покрај нашите домашни закони и јурисдикција, прво треба да се потенцираат изворите од меѓународното право, како што е Конвенцијата бр. 102 за минимални стандарди за социјално осигурување на Меѓународната организација за труд, каде се определува заштитата на невработените лица. За одбележување е и влијанието на Повелбата на заедницата за основни социјални права на работниците од 1989 година, која за прв пат го прокламира принципот на заштита на невработените од колективни отпуштања. Обидите на нашето домашно законодавство да ги усогласи правилата и прописите со тековните компаративни решенија се видливи.

Тргнувајќи од фактот, дека Република Северна Македонија, уставно се декларира како социјална држава[5], обврските за темелно спроведување на оваа програмска заложба се навистина сериозни. Тоа значи дека, сите граѓани во државава треба да ги уживаат истите права, без оглед на статусот или нивната позиција во општествените односи. Република Северна Македонија е одговорна за социјалната состојба во која се наоѓаат нејзините граѓани, а пред се сиромашните, невработените или останатите социјално исклучени лица.

Правото на осигурување во случај на невработеност во домашното право, пред се, извира од Уставот на Република Северна Македонија во кој е декларирано дека „Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност“...,[6] додека во Законот за работните односи од 2005 година[7] прецизно е утврдено кога започнуваат да се остваруваат правата, обврските и одговорностите врз основа на вршењето на работата од работниот однос и вклучувањето во задолжителното социјално осигурување (пензиско и инвалидско, здравствено, и осигурување во случај на невработеност). Тоа е денот со стапување на работникот на работа.[8]

Прецизни услови за користење на социјалното осигурување во случај на невработеност се дадени во Законот за вработување и осигурување за време на невработеност од 1997 година. Овој Закон, поради динамиката на пазарот на труд, како и поради постојаниот процес на усогласување со стандардите во оваа област со оние на Меѓународната организација на труд, Европската Унија и Советот на Европа, до денес претрпе голем број измени и дополнувања.[9]

1. Почнувајќи од Глава IV насловена како „Осигурување во случај од невработеност“, во Законот експлицитно се стипулира дека ова осигурување е задолжително и е дел од системот на задолжителното социјално осигурување. Работниците кои се во работен однос, задолжително се осигурени во случај на

[5] Устав на Република Македонија, „Службен весник на Р. Македонија“ бр. 52/91, член 1
[6] Исто, член 32.
[7] Пречистен текст, Службен весник на РМ, бр. 74 од 08.05.2015 година.
[8] Беловски, В., Мајхошев, А. (2017). Трудово право, Правен факултет, УГД, Штип, стр. 92.
[9] Пречистен текст, Сл. весник на Р. Македонија, бр.112 од 25.07.2014 година.

невработеност.[10] Оттука, како основен принцип на социјалните права во случај на невработеност се јавува принципот на задолжителност. Граѓаните овие права ги остваруваат и врз основа на принципот на еднаков третман, взаемност и солидарност. Средствата за обезбедување на правата од задолжително социјално осигурување се обезбедуваат од придонесите за задолжително осигурување во случај на невработеност и други средства кои се обезбедуваат во согласност со законите. Во задолжителното социјално осигурување спаѓаат придонесите за: пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата; задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење; здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност.[11]

2. Во случај на невработеност може да се осигуруваат и брачните другари на државјаните на Република Македонија на работа во друга држава, а кои биле во работен однос пред заминувањето во странство. Основицата за пресметување на ова право е остварената просечна месечна плата на лицето во годината пред заминувањето во странство, која се усогласува со порастот на платите во Републиката.[12]

3. Рековме дека во македонското трудово право значаен чекор во воведувањето на модерен систем за надоместок во случај на невработеност е направен со Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност од 1997 година. Овој Закон, заедно со Законот за работните односи од 2005 година[13] требаше да допринесат за создавање флексибилен пазар на труд, но во практиката до тоа не дојде, затоа што голем број на граѓани и понатаму се наоѓаат во областа „сива економија“ каде што влијанието на трудовото законодавство е многу мало или воопшто го нема. Имено, флексибилниот пазар на труд подразбира и флексибилност во отпуштање на работникот, кога тој без страв дека може да остане без работа, лесно наоѓа ново вработување.[14] Во меѓувреме

[10] Исто, член 62.

[11] Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување објавен во „Службен весник на Р.М“ бр. 142/08 и Одлука на Уставен суд У.бр.233/2008-„Службен весник на Р.М“ бр 62/2009, 64/09, 156/2009, 166/2010 53/2011, 185/2011,44/2012 и Одлука на Уставен суд У бр. 157/2011 од 14.11.2012 година -Сл. весник на РМ број 150/29.11.2012 година, 15/2013, 91/28.06.2013, 170/06.12.2013, 97/26.06.2014 година, 113/29.07.2014, 180/05.12.2014, 188/2014, 20/12.02.2015, 48/25.03.2015 година, 129/2015, 217/2015 и 190 од 17.10.2016 година, член 5.

[12] Исто, член 63.

[13] Службен весник на РМ, бр. 74 од 8.05.2015 година.

[14] Станува збор за данскиот модел наречен „флексикјурити“, кој се потпира на три главни столба. Прво, лесно раскинување на договорот за вработување-отказ. Доколку се најдат во неповолна ситуација, работодавачите можат во секој момент да затворат работни места. Кога ќе се подобри состојбата, работодавачот повторно може брзо и лесно да најде нови работници, кои ќе работат цело работно време. Второ, невработените добиваат надомест цели две години по отпуштањето и тоа значително повисок отколку во останатите земји во Европа. Трето, данскиот систем подразбира активни мерките за вработување. Невработените мораат да конкурираат и да бараат работа и при тоа треба да прифаќаат и такви работни места кои помалку им одговараат. Во 90-

оној кој ќе ја загуби работата не треба да се плаши дека ќе живее на работ на сиромаштија, затоа што ќе користи надоместок во случај на невработеност, чија висина треба да биде барем до задоволување на основните егзистенционални потреби.

4. Меѓутоа, што е невработеноста, кои лица се сметаат за невработени? Концептот на невработеност е детално дефиниран со Законот, во која дефиниција можат да се забележат неколку кумулативни услови. Имено, под поимот „невработено лице" се подразбира лице кое не е вработено, активно бара работа и ги исполнува условите предвидени со Закон.[15] Понатаму, невработен во смисла на Законот е лице кое е пријавено во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), кое е невработено и активно бара работа, способно е да работи и е подготвено да прифати секакво соодветно или погодно вработување што ќе го понуди АВРСМ. Невработено лице е и странец кој поседува лична работна дозвола за странец до периодот на важноста на истата и странец кој врз основа на склучен меѓународен договор или според принципот на реципроцитет ги исполнува условите за добивање паричен надоместок во случај на невработеност, се додека е корисник на тој надоместок. Невработено лице е и лице кое е на обука кај работодавач, на курс за образование или на друга обука и за тоа време користи право на паричен надоместок за подготовка за вработување, за времето на користење на паричниот надоместок.[16]

5. Во практиката беше забележано дека некои лица добивале бенефиции по оваа основа, дури и кога фактички не биле невработени, бидејќи имале други приходи или ангажмани што по правило не би можеле да работат, но формално сепак ги исполниле барањата и се нашле на списокот на невработени. Во врска со ова, Законот врз основа на принципот на негативна енумерација, а со цел допрецизирање на критериумите за стекнувањето со статус на невработено лице, утврдува и категории на лица кои не се сметаат за невработени, односно кој не можат да остваруваат права по основ на невработеност. Оттаму, во Законот изрично се предвидува дека за невработено не се смета лице кое е: во работен однос, самовработено, сопственик, основач или управител на трговско друштво и друго правно лице или е член на раководен орган, односно овластено лице во трговско друштво и друго правно лице, освен во здруженија и фондации, вршител на земјоделска, сточарска или друга дејност, вршител на занаетчиска, односно професионална дејност, корисник на пензија, лице кое има статус на ученик во средно училиште, редовен студент, стажант и лице кое учествува во образование за возрасни, а е помладо од 26 години, лице кое два пати во текот на две години одбило обука, преквалификација или доквалификација на која ќе го упати АВРСМ, лице кое два пати во текот на две години одбие да се јави или

те години, кога беше создаден моделот „флексикјурити", тој се сметаше за главна алатка при вработувањето.

[15] Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, член 2.

[16] Исто, член 53.

да заснова работен однос кај работодавач кај кого го упатила АВРСМ и лице кое работно е ангажирано или врши дејност, спротивно на законот.[17]

6. Во однос на условите за активно барање работа, невработеното лице треба правилно да ги исполни обврските поврзани со барање работа, согласно законот и индивидуалниот план за вработување. Според правилата на АВРСМ, активното барање работа вклучува: редовно следење на огласените слободни работни места и видови на работа и соодветно пријавување за нив во согласност со целите за вработување определени во индивидуалниот план за вработување, лицето да присуствува на интервјуа за вработување на барање на работодавачот, АВРСМ или други спроведувачи на мерки за вработување, невработеното лице се јавува на покани, известувања и упатувања од АВРСМ и други спроведувачи на мерки за вработување и контактира со работните клубови во АВРСМ и ги исполнува предвидените активности од обврските предвидени во индивидуалниот план за вработување, најмалку во роковите утврдени со Закон.[18]

7. Меѓу невработените, треба да се направи разлика помеѓу две групи на лица:

- оние кои претходно не биле осигурани и кои не можат да ги остварат сите законски права и
- осигурените лица, кои под соодветни услови можат да ги остварат сите права предвидени со закон.

**2.1 Содржина на правата од осигурување од привремена невработеност**

Системот за заштита од невработеност вклучува низа социјални права односно бенефиции кои им следуваат на лицата кои остваруваат определени законски предуслови поврзани со реализацијата на социјалниот ризик – невработеност. Социјални права односно бенефиции кои им следуваат на привремено невработените лица во позитивното право таксативно се наведени. Тоа се: правото на паричен надоместок; правото на подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација); право на здравствена заштита, во согласност со прописите за здравствена заштита; право на пензиско и инвалидско осигурување во согласност со прописите за пензиското и инвалидското осигурување на невработеното лице корисник на паричен надоместок на кое му недостасуваат најмногу до 18 месеци пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, а кое нема 15 години стаж на осигурување, до остварување на 15 години стаж на осигурување; права на инвалидни лица за вработување со поволни услови во согласност со закон.[19]

Од наведените права, може да се каже дека правата од осигурување во случај на невработеност, можат да бидат и натурални, односно во вид на

[17] Исто.
[18] Исто, член 55.
[19] Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, член 64.

услуги (подготовка за вработување, здравствена заштита) и секако парични (првенствено, операционализирани преку правото на паричен надоместок).[20]

Правото на паричен надоместок како едно од основните права од работниот однос во домашното право го стекнува лицето кое во моментот на престанок на работниот однос било осигурано најмалку девет месеци непрекинато или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци.[21] Законот вели дека за остварување право на паричен надоместок како време поминато во работен однос не се смета времето за кое невработеното лице примало паричен надоместок. Друг услов е, за времето поминато во работен однос за работникот да е уплатуван придонес од задолжително социјално осигурување. Суштински факти кои го детерминираат правото на паричен надоместок произлегуваат од доказите кои се содржани во договорот за престанок на работниот однос.

8. Невработените лица кои се корисници на паричен надоместок, согласно Законот, се евидентираат во регистарот на невработени лица, односно како активни баратели на работа и ги имаат законски утврдените права кои им следуваат како права по основ на невработеност.

Законодавецот утврдил четири различни основи врз основа на кои вработениот има право на паричен надоместок, и тоа: во работен однос со полно работно време; во работен однос со неполно работно време, пресметано во полно работно време; во работен однос на определено време (сезонска работа) подолго од 40 часа во неделата, ако тоа време му е пресметано во работен стаж и за работа во странство.[22]

Исклучително важен услов за стекнување со правото на паричен надоместок за осигурување во случај на невработеност е и начинот на престанок на работниот однос. Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, и тука предвидува негативна енумерација, во однос на можностите за стекнување со правото на паричен надоместок, *a pro po* условите за престанок на работниот однос, истовремено прецизно проширувајќи ја оваа листа и со дополнителни критериуми.[23] Така, доколку работниот однос на невработениот престанал со негова волја или вина или невработениот го користи правото на отпремнина, тоа не значи дека овие лица се исклучени *ad infinitum* од потенцијално примање на надоместок за невработеност, ако повторно ги исполнат пропишаните услови т.е доколку настапат споменатите правни основи. Од овие одредби можеме да ја забележиме намерата на законодавецот правото на паричен надоместок да го втемели како универзална компонента за материјално-правна заштита на работникот во случај на невработеност.

[20] Каламатиев, Т. (2011). Социјални права на невработените лица со посебен осврт на правото на паричен надоместок во случај на невработеност – компаративен пристап на европската и македонската легислатива, Радно и социјално право, Часопис за теорију и праксу радног и социјалног права, Београд, стр. 48.
[21] Исто, член 65.
[22] Исто, член 66.
[23] Исто, член 67.

Правото на паричен надоместо на невработените лица им припаѓа од првиот ден на престанок на работниот однос, со што престанува и обврската за уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување. Всушност, и со Законот за работните односи при откажување на договорот за вработување од страна на работникот, утврдено е дека работодавачот е должен да го запознае работникот со неговите права од осигурување во случај на невработеност, согласно со закон.[24] При тоа, осигуреникот / барателот на право, поднесува барање до АВРСМ кај која е уплатуван придонесот за вработување во рок од 30 дена од денот на престанокот на работниот однос. Карактеристично е тоа што доколку осигуреникот не го испочитува рокот од 30 дена (како рок во кој бил должен да аплицира за користење на право на паричен надоместок), тој не го губи целосно правото на паричен надоместок. Паричниот надоместок се губи само за времето за кое е задоцнето барањето. Осигуреникот ќе се стекне со преостанатиот паричен надоместок, кој што ќе го користи до законскиот престанок на ова право. Доколку осигуреникот воопшто не поднесе барање, односно поднесе барање по истекот на рокот за кој што има право на паричен надоместок, го губи ова право во целост.[25] На мислење сме дека одредувањето на строг преклузивен рок од 30 дена, е неопходен за постигнување на правна сигурност. Но, од друга страна, истовремено настанува сомнеж и се поставува прашањето дали ваквата строго императивна норма во некои околности може да биде на штета на остварување на социјалните права на невработените. Ова, особено ако се земе предвид различниот образовен профил на работниците кои остануваат без работа, нивното познавање на трудовото законодавство, односно на правата од социјалното осигурување кои им следуваат. Со цел постигнување на социјална правда не може да се занемари бројот на оние граѓани кои поради непознавање на правото, навремено не ги исполнат процесните услови за користење на паричен надоместок за невработеност, што ја става во сенка намерата на сите напори на законодавецот во остварувањето на целите на социјалната политика.

Времето за кое се исплатува паричниот надоместок зависи од времето за кое невработеното лице било осигурано во случај на невработеност.[26] При тоа, Законот предвидува максимално 12 месечна исплата на парични надоместоци, во пропорција со претходниот работен стаж. Додека привремено невработеното лице прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност, согласно со закон, тоа се јавува и како обврзник за плаќање на придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување согласно прописите за социјално осигурување.[27] Обврзник за пресметка и уплата на придонесот е АВРСМ.[28]

[24] Закон за работните односи, пречистен текст, Службен весник на Р. Македонија, бр. 74 од 08.05.2015 година, член 74.
[25] Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, член 74.
[26] Исто, член 71.
[27] Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, член 7, точка 8.
[28] Исто, член 13, точка 6.

Основицата, врз основа на која се пресметуваат паричните надоместоци, согласно Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавачот и изнесува 50 % од просечната месечна плата на работникот за последните 24 месеци за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеци, за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеци, паричниот надоместок за првите 12 месеци изнесува 50 % од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеци, а за преостанатото време 40 % од просечната месечна нето плата.[29]

Можност за проширување на исплатата на парични надоместоци е обезбедена за невработени повозрасни работници, невработена жена за време на бременост и породување и невработено лице кое АВРСМ го упатила на обука, преквалификација или доквалификација до истекот на времето определено за тоа. На невработено лице кое има над 15 години стаж на осигурување, а на кое му недостасуваат најмногу до 18 месеци пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, паричен надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок (за овие невработени лица не се плаќа придонес за пензиско и инвалидско осигурување).

Со цел за заштита на интересите на јавниот поредок, со Законот е утврдено дека исплатата на паричен надоместок на невработеното лице се запира за време на отслужување на доброволен воен рок, додека е во притвор или издржување на казна затвор до шест месеци, додека невработеното лице привремено престојува надвор од Република Македонија до 12 месеци, а претходно писмено ја известил АВРСМ, работно ангажирање над 30 дена за вршење на јавни работи и работно е ангажирано или врши дејност. Откако ќе престанат погоре наведените причини, на невработеното лице продолжува да му се исплатува паричниот надоместок за преостанатото време за кое му е признато правото.

И на крај, согласно Законот, правото на паричен надоместок на лицето му престанува ако: невработеното лице заснова работен однос; основа трговско друштво, претпријатие или друго правно лице; врши занаетчиска или друга професионална дејност; одбие да се јави кај работодавачот ако е упатен од АВРСМ за засновање работен однос; одбие да заснова работен однос кај работодавачот ако го упатила АВРСМ; одбие вработување со полно или скратено работно време, кое не е помало од половината од полното работно време, а е соодветно на неговото образование, знаење и можности; одбие обука, преквалификација или доквалификација која одговара на неговата стручна подготовка, знаења и способности или по своја вина ја прекине обуката, преквалификацијата или доквалификација; исполни услови за стекнување право на пензија или оствари право на пензија; невработеното лице од страна на надлежен орган се затекне на работа, е работно ангажирано или врши дејност спротивно на закон;

[29] Исто, член 68.

невработеното лице ја загуби работната способност со денот на утврдување на изгубената работна способност; неоправдано одбие привремено вработување во исклучителни случаи (поплави, земјотреси, неопходно извршување на земјоделски работи и слично) од страна на надлежен орган кој организира акција за отстранување на последиците или за нивно спречување; одбие работно ангажирање за вршење на јавни работи; одбие вработување на работно место за кое се бара пониска стручна подготовка од неговата, а ако непосредно пред да остане невработен, со своја согласност, работел на такво работно место или изјавил дека прифаќа вработување и на понизок степен на стручна подготовка; отпочне издржување на казна затвор, подолго од шест месеци; не се јавува во АВРСМ во утврдениот рок; не се јави на покана на АВРСМ од неоправдани причини; и не ја извести АВРСМ во рок од осум дена за секоја промена која е услов или основа за стекнување, остварување или губење на правото на паричен надоместок.[30]

Врз основа на сето претходно наведено, на мислење сме дека најголемиот допринос на овој Закон е во прецизното дефинирање на основицата на паричниот надоместок, двојната пресметката на стажот на осигурување за уживање на правото на паричен надоместок, како и механизмите за спречување на злоупотреба при остварување на правото.

**2.2 Улогата на АВРСМ во процесот на остварување на правата**

Службата за вработување е една од мошне значајните сектори на јавните надлежности на државата, бидејќи функциите со кои таа се занимава се поврзани со работната сила, без која не е можно да се замисли ниедно општество. Од тие причини, служби за вработување постоеле и постојат во сите општествено – политички системи. Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност донесен 1997 година ја преименува службата за вработување во Завод за вработување на Република Македонија, како јавна служба со седиште во Скопје, и истиот образува единствена стручна служба со подрачни единици-бироа за вработување, што се основаат за подрачјето на една или повеќе општини.

Со измените во Законот од 2004 година[31], називот на Заводот се менува во АВРСМ, а бироата за вработување се преименуваат во центри за вработување. АВРСМ е јавна установа која врши стручни, организациски, административни и други работи што се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и обезбедува поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на трудот.

Невработеното лице ги остварува правата од осигурување во случај на невработеност во АВРСМ каде што е евидентирано невработеното лице, согласно со прописите за општа управна постапка.

[30] Исто, член 77.
[31] „Службен весник на Р. Македонија“ бр. 37/04.

Остварување на правата од осигурување во случај на невработеност во првостепена управна постапка опфаќа: постапката започнува врз основа на уредно поднесено писмено барање со соодветна документација (прием и заверка на барањето), најдоцна во рок од 60 дена од престанок на работниот однос на лицето. Доколку е потребно се применуваат меѓународни билатерални договори за социјално осигурување. АВРСМ за барањето одлучува со решение, кое го донесува во рок од 60 дена.

Доколку поднесителот на барањето не е задоволен од решението на АВРСМ како првостепена инстанца, има право на жалба, во согласност со закон, да поведе второстепена постапка, до Министерството за труд и социјална политика. Жалбата се поднесува во рок од 15 дена од денот на прием на решението, освен ако со закон не е определено поинаку. При тоа, рокот за жалба се смета од денот на доставувањето на решението. Во текот на рокот за жалба решението не може да се изврши.

Едно од клучните прашања, поврзани со реализацијата на правото на паричен надоместок е и ажурноста на органите кои се обврзани да го спроведат ова право. Не секогаш законски предвидените рокови, соодветствуваат со ефикасноста на администрацијата на Агенциите кои се задолжени да се грижат за тоа.[32]

Жалбата непосредно му се предава или му се праќа по пошта на органот што го донел првостепеното решение, а за неа одлучува второстепениот орган, како што кажавме во случајов Министерството за труд и социјална политика. При тоа, тој може да ја одбие жалбата, со свое решение да го поништи првостепеното решение и сам ќе ја реши работата или со свое решение да го поништи првостепеното решение и предметот ќе му го врати на првостепениот орган на повторна постапка.

Доколку невработеното лице не е задоволно од конечното решение на Министерството за труд и социјална политика може да поведе управен спор пред Управниот суд.

За крај, треба да се напомене дека е потребна поголема транспарентност на постапката, која може да се оствари со воведување на електронски услуги, по пат на кој граѓаните благовремено ќе можат да се запознаат со сите конкретни фази и околности за остварување на правата од невработеност, со што истовремено ќе се зголеми степенот на ефикасност на позитивните законски прописи.

## 3. Заклучок

Начелно посматрано, институционалната рамка на нормативното регулирање на материјално-правната заштита на невработените лица во домашното право континуирано се унапредува. Неспорно е дека во последните години вниманието што се посветува на ова прашање е се поголемо. Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност постојано трпи измени

[32] Каламатиев, Т., цитирано дело, стр. 50.

се со цел за негово подобрување, прилагодување на динамичниот пазар на труд, како и поради потребата од хармонизација. Попрецизно, законодавството за невработеност постојано се усогласува со европските и светските трендови и активните политики за вработување. Дефиницијата на лицата кои согласно Законот се сметаат за невработени е доста прецизна и во широк опфат, проширувајќи се на различни категории на невработени лица.

Бидејќи имплементацијата на материјално-правната заштита на невработените е условена од работата на посебна институција – АВРСМ, постои потреба за нејзино постојано усовршување, со цел за нејзина ефективност, ефикасност и целисходност.

Што се однесува до постапката за остварување на правата од задолжителното социјално осигурување од невработеност може да се забележи дека законските норми одговараат на принципот на ефикасност и ефективност, така што сите заинтересирани граѓани можат да ги остварат своите права и интереси на начин кој не бара многу време, трошоци и ангажирање на правен советник.

Како и да е, овие е само еден дел од мозаикот, бидејќи предизвикот за социјална сигурност на невработените лица бара низа синхронизирани мерки, активности и политики на сите нивоа не само на државната структура, туку и на општеството во целина.

**Литература**

[1]Asenjo, A., & Pignatti, C. (2019). Unemployment insurance schemes around the world: Evidence and policy options, International Labour Organization, стр. 6.

[2]Беловски, В., Мајхошев, А. (2017). Трудово право, Правен факултет, УГД, Штип, стр. 92.

[3]Cihon, J. P., Ottavio, C. J. (2011). Employment and Labour Law, 7th edition. South-Western Legal Studies in Business Academic series, стр. 658.

[4]Димитријевич, Ц. Ј. (2016). Материјалноправна заштита незапослених лица у Републици Србији мастер рад, Ниш, стр. 3 и стр. 6.

[5]Garside, W. R. (2002). British Unemployment 1919–1939: A Study in Public Policy, Cambridge U.P., стр. 37.

[6]Каламатиев, Т. (2011). Социјални права на невработените лица со посебен осврт на правото на паричен надоместок во случај на невработеност – компаративен пристап на европската и македонската легислатива, Радно и социјално право, Часопис за теорију и праксу радног и социјалног права, Београд, стр. 48.

**Правни акти**

[1] Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, пречистен текст, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.112 од 25.07.2014 година.

[2] Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување објавен во „Службен весник на Р.М" бр. 142/08 и Одлука на Уставен суд У.бр.233/2008- „Службен весник на Р.М" бр 62/2009, 64/09, 156/2009, 166/2010 53/2011, 185/2011,44/2012 и Одлука на Уставен суд У бр. 157/2011 од 14.11.2012 година -Сл. весник на РМ број 150/29.11.2012 година, 15/2013, 91/28.06.2013, 170/06.12.2013, 97/26.06.2014 година, 113/29.07.2014, 180/05.12.2014, 188/2014, 20/12.02.2015, 48/25.03.2015 година, 129/2015, 217/2015 и 190 од 17.10.2016 година.

[3] Закон за работните односи од 2005 година, пречистен текст, Службен весник на РМ, бр. 74 од 08.05.2015 година.

[4] Устав на Република Македонија, „Службен весник на Р. Македонија" бр. 52/91.